ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03 Бр / Nr. 14/24-4
11.09 2024 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, согласно член 88 од Законот за судовите, член 13 и член 112 вв член 61 од Судскиот деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на ден 11.09.2024 година, ја донесе следната:

***О Д Л У КА***
***за изменување и дополнување на***
***Годишен распоред за работа на судските службеници***
***во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година Су-03 бр. 14/24 од 09.01.2024 година***
***Су-03 бр. 14/24-1 од 21.05.2024 година***
***Су-03 бр. 14/24-2 од 24.06.2024 година***
***Су-03 бр. 14/24-3 од 05.08.2024 година***

**Член 1**

**Во глава II Оддел за граѓански дела,**

**Точката Б.II „Стручни судски соработници распоредени во Одделот за граѓански дела“ СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

1. **м-р Марија Ќипровска,** судски советник и **Јанка Тасевска**, судски советник со судијата **Владимир Стојаноски**

2. **м-р Ива Аврамовска**, судски советник и **Наташа Златеска Терзовска,** судски советник со судијата **Јелица Крстевска**

3. **Лилјана Николовска,** раководител на Оддел за граѓански дела и **м-р Елена Стефковска Мициќ,** судски советник со судијата **Шпенд Деваја**

4. **Александра Димовска Бошковска,** судски советник со судијата **м-р Катерина Георгиевска**

5. **м-р Марина Милева,** самостоен судски советник и **Маја Димитровска Јовановска,** раководител на Оддел за судска пракса со судијата **Анита Бошковска**

6. **м-р Лидија Таневска Јадровска,** самостоен судски советник со сите судии од граѓанскиот совет

7. **Искра Крстевска,** судски советник со сите судии од граѓанскиот совет

8. **Јулија Колоска,** судски советник со сите судии од граѓанскиот совет

**Член 2**

**Во Глава VIII Помошно техничка служба, Точката 10.** се брише.

**О б р а з л о ж е н и е**

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија донесе Одлука за изменување и дополнување на Годишниот распоред на судските службеници во Врховниот суд на Република Северна Македонија Су-03 бр. 14/24 од 09.01.2024 година, а поради успешно реализирање на Годишниот план за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, организација на судската служба и вработените во судот во насока на ефикасно вршење на работните задачи согласно програмските цели во делот на човековите ресурси.

При донесување на Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот распоред на судските службеници во Врховниот суд на Република Северна Македонија, во предвид се зема намалениот број на судии во Врховниот суд на Репиблика Северна Македонија и потребата од поголем ангажман на стручните соработници во Одделот за граѓански дела, а со цел ефикасност во работењето по граѓанските предмети.

Поради горе наведеното, Претседателот Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми донесе Одлука за изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на судските службеници во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВРХОВНИОТ СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Беса Адеми**